АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Декември, 2018г. Бр. 12/2018

## Агенцијата го одржа четвртиот јавен состанок за 2018 година



На 26 декември Агенцијата го одржа четвртиот и последен јавен состанок за 2018 година, на кој директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски ги презентираше активностите од изминатиот квартал, спроведени согласно Годишната програма за работа на Агенцијата.

Присутните имаа можност да ги проследат и новините во ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, која стапи на сила на 18 декември и која земјите-членки на Европската унија треба да ја имплементираат во своите национални законодавства. Ревидираната Директива, предвидува измени во делот на аудиовизуелните комерцијални комуникации, лимитите за рекламирање, спонзорството, пласирање производи и телешопинг.

Со неа се засилуваат правилата за почитување на обврската за заштита од насилство и говор на омраза, интегритетот и независноста на уредувачката одговорност за програмите и услугите. Во однос на медиумската писменост, препораката е активностите да се насочат кон оспособување на граѓаните со способности за критичко размислување, што се неопходни за да донесат суд за прашањата и да ја препознаваат разликата помеѓу мислење и факт.

На состанокот беа презентирани податоците од истражувањата за родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на мажите и жените во ТВ програмите во 2018 година и инфографиците во кои се прикажани резултатите од истражувањата за ставовите на публиката за прикажувањето на ЛГБТИ-заедницата во медиумите во 2017 година, и за застапеноста на програмите за деца на националните телевизии според жанровската структура, земја на потекло, застапеноста на програмите за деца во вкупната неделна програма, и нивната категоризација и сигнализација. Двата одделни инфографика, со цел да станат подостапни до граѓаните, Агенцијата ги испечати на македонски, албански и англиски јазик.

## Бугарскиот амбасадор Ангел Ангелов во посета на Агенцијата



Новоименуваниот амбасадор на Република Бугарија во Македонија Ангел Ангелов, на 14 декември беше во работна посета на Агенцијата, на која се разговараше за унапредување на соработката на двете земји во аудиовизуелната област. Во овој контекст, стана збор за Договорот за соработка од 2014 година меѓу јавните радиодифузни сервиси на двете држави, којшто треба да биде продолжен следната година, како и за негово целосно спроведување.

Целта на договорот е воспоставување поблиска соработка меѓу двете држави и промовирање на нивната култура. Со него се предвидува бесплатно реемитување на сателитскиот канал на МРТ преку кабелските оператори во Република Бугарија, и обратно реемитување на сателитскиот канал на БНТ без надомест преку кабелските оператори во Република Македонија.

## Одржан работен состанок за обезбедување пристап до програмите за лицата со попреченост



Во рамки на заложбите за поттикнување активности кај радиодифузерите, за да ги направат програмите достапни за лицата со оштетен вид и слух, на 13 декември Агенцијата одржа работен состанок со претставници на националните телевизиски сервиси.

Целта на состанокот беше да се разгледаат начините и можностите, како радиодифузерите да ги прилагодат своите програми за лицата со сетилна попреченост, и да се прикажат придобивките што телевизиите можат да ги добијат од ваквиот процес.

Пред присутните беше презентирана брошурата „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“, која Агенцијата ја подготви и испечати на македонски, албански и англиски јазик. Во брошурата се посочени потребите, идеите и согледувањата на слепите и лицата со оштетен вид, како и на глувите и наглувите лица во Република Македонија. Преку графикони и слики, на популарен начин е објаснето и како во зависност од видот на попреченоста – слух, вид, физичка или умствена, медиумите да обезбедат полесна комуникација преку употреба на видеа со титлување, отворени или затворени текстуални описи, гестов говор или аудио описи.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Студенти од ДТУ во посета на Агенцијата



На 11 декември, Агенцијата беше домаќин на студенти од Факултетот за Правни студии и новинарство при Државниот универзитет во Тетово. На студентите им беа презентирани медиумската легислатива со осврт на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надлежностите, начинот на функционирање и обврските на Агенцијата во поглед на имплементација на релевантните закони, како и активностите што регулаторот ги презема во поглед на медиумската писменост, третманот на родовите прашања во медиумите, спроведените анализи и истражувања.

Агенцијата како и досега останува отворена за соработка со сите универзитети и училишта кои имаат интерес за споделување на знаења и практични искуства во аудиовизуелната област.

## Билатерална средба АВМУ – РЕМ во Белград



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Регулаторното тело за електронски медиуми на Република Србија (РЕМ) на 7 декември во Белград, договорија продлабочување на меѓусебната соработка и зголемена размена на добри практики во областа на медиумската регулација.

Претставниците на двете Агенции разговараа за искуствата поврзани со доделување, престанок на важноста, одземањето и продолжувањето на дозволите за телевизиско и радио емитување, постапката за изрекување мерки при повреда на регулативата, како и за нивните надлежностите за време на избори. Посебен акцент беше ставен на активностите на регулаторите за обезбедување пристап до медиумите на лицата со сетилна попреченост.

На крајот на средбата беше констатирано дека билатералните односи се од исклучително значење и дека со ваквата пракса треба да се продолжи и во иднина.

## Презентирана работната верзија на Стратегијата на регулаторното тело за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за 2019 – 2023г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во декември одржа состанок, на кој ја презентираше работната верзија на Стратегијата на регулаторното тело за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година. Во Стратегија се утврдени насоките за дејствување на Агенцијата и активностите што ќе бидат преземени во следните пет години, а кои ќе придонесат да бидат подобрени голем број од аспектите во областа на медиумите.

Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни свои мислења и предлози во однос на работната верзија на Стратегијата, да доставаат на contact@avmu.mk, најдоцна до 25 јануари 2019 година.

## Надзори врз радиодифузери, печатени медиуми и ОЈЕКМ

### Радиодифузери

Врз Македонска телевизија Прв програмски сервис (МРТ 1) и Втор програмски сервис (МРТ 2), Агенцијата изврши редовен програмски надзор за законските одредби коишто се однесуваат на заштита на малолетните лица, употреба на јазикот во програмите и дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата, правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учество, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа. Со надзорот не се констатирани прекршувања.

Агенцијата спроведе и редовен административен надзор врз МРТ 1 и МРТ 2, за обврските за објава на импресум, идентификација на радиодифузер и за информации кои што треба да се направат достапни до корисниците. Со надзорот не се констатирани прекршувања.





По добиена претставка, извршен е вонреден програмски надзор врз ТВ 24 Вести, за почитувањето на обврските за емитување програма на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница. Со надзорот се покажа дека на програмскиот сервис на ТВ 24 Вести, на 11 и 25 декември 2018 година, во рамки на изданијата на „24 Отворено“, емитувани се делови од емисиите на бугарски јазик, без притоа да биде обезбеден превод на македонски јазик.

За почитувањето на обврските од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, врз радиото РФМ од Скопје, Агенцијата изврши вонреден административен надзор. Надзорот покажа дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во овој Правилник.

Контролен административен надзор, во декември е извршен врз радијата Метрополис и Антена 5 за почитувањето на обврските за објава на импресум, и радијата Роса-АБ и Спортско радио за почитувањето на обврските за обезбедување информации достапни до корисниците, каде беше констатирано дека четирите радија постапиле по претходно упатените мерки-опомена.

- **Изречени мерки опомена на радиодифузери**

Во декември, Агенцијата изрече неколку мерки опомена. На 1 ТВ изречени се шест мерки опомена - за непочитување на обврските за заштита на малолетната публика; за необезбедување информации кои треба да се направат достапни до корисниците; за необјавување импресум; за непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; за непочитување на забраната за пласирање производи во засебни аудиовизуелни целини со информативна функција и јасно означување на програмата со пласирани производи во засебни аудиовизуелни целини со забавна функција, и за непочитување на условите за рекламирање и телешопинг.
За изречената мерка опомена поради непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, врз 1 ТВ извршен е контролен надзор, кој покажа дека е постапено по упатената мерка.

Поради необезбедување на информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, мерка-опомена е изречена и на ТВ КОМПАНИ 21-М. Агенцијата на двата радиодифузера им наложи во законски утврдениот рок, да го усогласат своето работење согласно ЗААВМУ, односно Законот за медиуми.

## Печатени медиуми

Врз друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје издавач на весникот „Нова Македонија“ и друштвото за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм“, извршен е контролен административен надзор, за да се утврди дали е постапено по Решенијата за преземање мерка-опомена, претходно упатени од Агенцијата, заради неисполнување на обврската за објавување импресум. Надзорот покажа дека е постапено согласно обврските од Законот за медиуми.

## Оператори јавни електронски комуникациски мрежи

Врз операторите МОБИ СЕРВИС од Прилеп, ОВЕР ТХЕ ТОП од Скопје и КАБЕЛ АС КТВ од Македонски Брод, извршен е редовен програмски надзор за почитувањето на обврските за регистрација на програмски сервиси и титлување на програмските сервиси кои операторите ги реемитуваат. При надзорот не се констатирани непочитувања на ЗААВМУ.